[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

| Примено | 24.01.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 96/1 | | |

**<u>До Општина Валандово</u>**
(имател на информацијата)

Арх. знак 1008
Рок на чување 5
24.01.23

# БАРАЊЕ
## за пристап до информации од јавен карактер

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер ве молиме да ни ги доставите следните информации:

- **Број на противпожарни возила кои ги користи територијалната противпожарна единица на општината (со наведување дали се во сопственост, набавени на лизинг, добиени како донација или добиени на користење од друга институција)**
- **Марка и модел на возилата;**
- **Година на производство на возилата;**
- **Година на набавка на возилата;**
- **Набавна вредност на возилата**
- **Број на вработени/ангажирани професионални пожарникари (со наведување на статусот дали се вработени или ангажирани на друг начин)**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- **в) фотокопија**
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карakte[redacted]

Во [redacted]
Датум: 23.01.2023

[redacted]

Општина Валандово
Република Северна Македонија

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-96/2
25.01.2023
Валандово

Градоначалникот на Општина Валандово, постапувајќи по барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] бр.[redacted] од 23.01.2023 година, заведено под бр.10-96/1 од 24.01.2023 година, врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ" бр. 101/19), член 50 став 1 точка 11 и член 63 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002), член 36 став 1 алинеја 5 и член 50 став 3 од Статутот на Општина Валандово, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за усвојување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Барањето за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] бр.[redacted] од 23.01.2023 година, заведено под бр.10-96/1 од 24.01.2023 година.

2. Информацијата од јавен карактер која се бара, Општина Валандово како имател, ќе ја даде преку овластеното службено лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информации, во законски утврдениот рок и во бараната форма, освен ако информацијата веќе постои во однапред пропишана форма и е достапна на јавноста.

**Образложение**

Постапувајќи по барањето, Градоначалникот на Општина Валандово, во согласност со одредбата од член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, утврди дека Општина Валандово е имател на информацијата од јавен карактер која се бара, па одлучи како во диспозитивот на Решението.

Поради причини од член 21 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барателот може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена.

Градоначалник
на Општина Валандово
Перо Костадинов

Изработил: С. Димитров
Контролирал:Е.Фидански
Одобрил: С.Х.Јовановиќ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 10-96/3
25.01.2023 год.
Валандово

Општина Валандово
Република Северна Македонија

**ДО**

[redacted]

**ПРЕДМЕТ**: Одговор на Ваше барање по ЗСПИЈК бр. 0302-90/1 од 23.01.2023 година

Почитувани,

Во врска со Вашето барање по ЗСПИЈК бр. 0302-90/1 од 23.01.2023 година, заведено под бр.10-96/1од 24.01.2023 година, во прилог Ви ги доставуваме бараните податоци од Општина Валандово :

ТППЕ Валандово користи вкупно 5 возила. Сите се сопственост на Општина Валандово, а добиени како донација од повеќе донатори. Тоа се:

**1.Товарно ПП возило за специјална намена -марка BREMACH**
Година на производство 2009 година
Година на набавка 2009 година- донација од Дирекција за заштита и спасување
Набавна вредност 150 000,оо денари

**2.Товарно ПП возило за специјална намена –марка VOLVO**
Година на производство 1998 година
Година на набавка 2013 година –донација од Операција Флоријан од Англија
Набавна вредност 100 000,оо денари

**3.Товарно ПП возило за специјална намена –марка ТАМ**
Година на производство 1966 година
Година на набавка 1982 година добиено преку Општински Противпожарен Сојуз Валандово
Набавна вредност 80 000,оо денари

**4.Товарно ПП возило за специјална намена – марка FAP**
Година на производство 1982 година
Година на набавка 1982 година добиено преку Општински Противпожарен Сојуз Валандово
Набавна вредност 100 000,оо денари

**5.Патничко моторно возило – марка LADA NIVA**
Година на производство 1982 година
Година на набавка 1982 година преку Општински Противпожарен Сојуз Валандово
Набавна вредност 100 000,оо денари

ТППЕ Валандово има вработени/ ангажирани вкупно 11 пожарникари, од кои 8(осум) се вработени на неопределено работно време, а 3 (три) се ангажирани преку Агенција за привремеи вработувања.

Со почит,

Општина Валандово
Лице задолжено за посредување со
информации од јавен карактер
Соња Христова-Јовановиќ